Почитувани,

Лоциран во југо-источниот дел на општина Карпош, во населбата Тафталице, локалитетот на старата фабрика Алумина претставува еден од најзначајните простори на градот Скопје. Просторот се карактеризира со долга традиција на планирање и како таков нуди можност за урбанистички развој кој ќе даде значаен белег на сликата на градот.



Во интерес на планирање на просторот на транспарентен и партиципативен начин, а се со цел на прибирање на податоци и информации кои ќе послужат во тој процес, планерската куќа ТАЈФА Архитекти ДООЕЛ и општина Карпош – Скопје организират неколку работилници на кои со различни учесници, чинители во процесот на планирање на градот, ќе се разработат различни сценарија и ќе се анализираат можностите и потенцијалите, како и заканите и опасностите врз пошорокиот градски простор. Истите ќе бидат искористени за прибирање на влезни параметри, информации и идеи кои ќе послужат во процесот на понатамошното планирање на просторот, а пред формално носење на одлуки од страна на телата и органите на локалната, градската и централната власт.

За таа цел, ве покануваме на:

**РАБОТИЛНИЦА**

| | |
|---|---|
| **ТЕМА** | Урбанистички развој на локалитетот на поранешната фабрика Алумина – Скопје;<br>Во потрага по баланс помеѓу јавниот и приватниот интерес |
| **ВРЕМЕ** | 19.04.2022година, 14-18h |
| **МЕСТО** | Мала сала, барака 1, во просториите на Општина Карпош |
| **УЧЕСНИЦИ** | Невладин сектор и здруженија на граѓани |

Имајќи ја во предвид здравствената ситуација во земјата во врска со КОВИД САРС вирусот, како и ограничените просторни можности, ве молиме вашето присуство да го најавите преку електронска пошта:
lazarevski@tajfa.mk
gordana.siljanoska@karpos.gov.mk

Со почит,